РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-324/3

26-04-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ------------ доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 48-та седница одржана на 22.04.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4453/1 од 24.09.2019 година оформен по пријава поднесена од подносителот --------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5597/1 од 11.12.2019 година, од причина во конкретниот случај постапува надлежен орган (Министерство за внатрешни работи) кој во рамките на законските надлежности презема конкретни дејствија, со цел пронаоѓање на споменатото осудено лице и негово лишување од слобода поради издржување на казна затвор.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4453/1 од 24.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости од страна на полициски лица во Министерството за внатрешни работи поврзани со непостапување односно непреземање на конкретни дејствија за приведување и упатување на издржување на казна затвор на осуденото лице --------------, кое е огласено за виновно за убиство и е осудено на казна затвор во траење од 20 години со правосилна Пресуда на Основниот суд -------- К.бр.105/16 од 08.11.2017 година и Пресуда на Апелациониот суд --------- КЖ-66/18 од 20.03.2018 година.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во пријавениот предмет, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1828/1 од 28.04.2020 година до Министерството за внатрешни работи на Р.Северна Македонија со кое се побара во рамките на своите законски надлежности да достави информација за причините поради кои Министерството не постапува согласно своите надлежности односно не го приведува осуденото лице --------------, кое е осудено на казна затвор во траење од 20 години со правосилна Пресуда на Основниот суд -------- К.бр.105/16 од 08.11.2017 година и Пресуда на Апелациониот суд ----------- КЖ-66/18 од 20.03.2018 година.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на тоа дека помина подолго време од доставувањето на овој допис, без Државната комисија да го добие бараниот одговор, до Министерството за внатрешни работи беше доставена Ургенција со број 12-324/1 од 20.01.2021 година цел да се достави бараниот одговор, со што ќе се овозможи Државната комисија за спречување на корупцијата да постапи по овој предмет.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Министерството за внатрешни работи.

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот одговор од надлежното министерство, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

Поради непостапување од страна на осуденото лице -------- по добиен упатен акт за издржување на казна затвор во вкупно траење од 21 година во КПУ затвор Идризово и недостапност на лицето за органите на прогонот, по Наредби на Основен суд ------------, од страна на МВР распишани се три централни и една меѓународна потерница. За пронаоѓање на лицето и негово лишување од слобода Одделението за потраги при Секторот за меѓународна полициска соработка во Бирото за јавна безбедност на МВР во рамки на своите надлежности превзема низа активности со цел пронаоѓање на споменатото лице.

Врз основа на сето горепоменато, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапува надлежен орган (Министерството за внатрешни работи) кој во рамките на законските надлежности презема конкретни дејствија, со цел пронаоѓање на споменатото осудено лице и негово лишување од слобода поради издржување на казна затвор. Врз основа на сето гореутврдено, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**